ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ

# ЛЕТ ВО МЕСТО ИЛИ СЛОБОДЕН ПАД

Коментар по повод
**Извештајот на Европската комисија за Република Македонија**

од 9 ноември 2016 година

10 ноември 2016 година, Скопје

Институт за европска политика - Скопје

д-р Малинка Ристевска Јорданова
д-р Симонида Кацарска
м-р Ардита Абази Имери
м-р Кристина Димовска
м-р Ива Цоневска,
Ангел Мојсовски,
м-р Александар Ванчоски
м-р Лепосава Огњаноска
м-р Исмаил Камбери

# ПРЕПОРАКАТА – “ЛЕТ ВО МЕСТО ”

Препораката за отпочнување на преговорите за пристапување во ЕУ во Извештајот на ЕК за Република Македонија од 2016 година е **замрзната и повторно условена,** како и минатата година. Комисијата ја условува препораката за почеток на преговорите со:

- напредок во имплементација на договорите од Пржино, пред сѐ одржување на **кредибилни избори**;
- значителен напредок во имплементацијата на **итните реформски приоритети**.

Пржинските договори и договорот за избори се можност за лидерите на земјата конечно да ја надминат долготрајната криза, да се зафатат со системските проблеми на владеење на правото и да се врати земјата решително на патот кон ЕУ.

Ако споредиме со **минатата година**, извештајот илустрира „лет во место“ бидејќи (недостатокот) на препорака беше во истото пакување, при што оваа година како услов се потенцира одржувањето на кредибилни избори.

На овој начин Комисијата го валоризира *Пржинскиот процес* и *Договорот за предвремени парламентарни избори* во кои и европските институции инвестираа значителна енергија. Како и минатата година, направен е компромис помеѓу критиките и потребата да се даде поттик за реформи преку давање на уште една шанса.

ЕК смета дека овие процеси се „можност за лидерите на земјата конечно да ја надминат долготрајната криза, да се зафатат со системските проблеми на владеење на правото и да се врати земјата решително на патот кон ЕУ.“

Препораката дека владата треба да се врати кон ЕУ агендата е и потенцирана во оценката дека „координативниот систем за европска интеграција губи на квалитетот поради недостатокот на политичка волја да се имплементираат реформите поврзани со ЕУ.“

За разлика од останатите земји од регионот, кои напредуваат кон ЕУ, ние и оваа година, како и лани, одиме во спротивна насока

## Каде сме во регионот?

Ако споредиме со **регионот,** за разлика од останатите земји кои секоја на свој начин напредуваат на патот кон ЕУ, ние и оваа година, како и лани одиме во **спротивната насока**. Додека нивните услови се смалуваат, нашите се

зголемуваат. На пример,  Албанија во моментот, исто така, има условена препорака за отпочнување преговори, но со многу помалку и попрезицни услови. Во нашиот случај, процесот е спротивен, од „чиста препорака“ условите за неа се прошируваат.

# РЕФОРМИТЕ ВО СЛОБОДЕН ПАД

## Политички критериуми: заробена држава

Една од најострите оценки годинава е загриженоста за **заробување на државата** во институциите, вклучително судските и регулаторните тела и медиумите, но и клучни општествени сектори  - клучна во областа владеење, но и со истакнато место во заклучоците на Стратегијата за проширување.

ЕК го доведува во прашање функционирањето на системот на **спреги и кочници** во Република Македонија. ЕК цени дека Собранието не ја врши својата улога за обезбедување на контрола врз извршната власт. Правосудството не е независно, а властите немаат волја да го решат ова прашање. Надзорот на извршната власт од страна на регулаторните и надзорните тела е, исто така, ограничен, бидејќи според ЕК тие не се слободни од политички притисоци.

Наместо тоа, **граѓанското општество** добива признание за значајната улога во поддршката на демократските процеси и обезбедувањето систем на контрола и рамнотежа. Улогата на граѓанското општество сѐ повеќе се нагласува во секој нов Извештај, при што посебно е забележана иницијативата на група граѓански организации за Итни демократски реформи.

Многупати во извештајот се напоменува **недостатокот на политичка волја на властите за спроведување на реформите и итните реформски приоритети.** Дополнително, недостатокот на политичка волја е утврден како причина за ***значително*** **намалување на финансиската помош од ЕУ** (27 милиони од ИПА за 2016 година).

За реализацијата на **итните реформски приоритети** констатиран е ограничен напредок, но утврдено е  назадување втора година по ред во клучната област на **судството.**

Во однос на судството и борбата против корупцијата ЕК потенцира дека во овие области реформите се спроведуваат веќе една декада, но дека политичкото влијание сериозно ги поткопува претходните резултати. На овој начин ЕК препознава дека Република Македонија долг период  предничеше во реформите, но дека во тек се процеси кои ги разнебитуваат постигнувањата.

> Правосудство: уништена декада на реформи;– назадување втора година по ред

Капацитетот на *редовните* институции за справување со корупцијата, во случаите од висок профил, според ЕК, е поткопан од политички влијанија. Во таа насока, за прв пат се бара ревидирање на статусот и составот на ДКСК за да се  зголеми  транспарентноста и независноста.

Од друга страна, **специјалното јавно обвинителство (СЈО)** е единственото тело кое се оценува како проактивно во истрагите на случаи од висок профил, но се соочува со недостаток на соработка од институциите. Следствено, ЕК препорачува да се обезбеди целосна поддршка и ресурси за СЈО.

Се нагласува значењето на анализата на **Охридскиот рамковен договор**, која треба да биде спроведена на транспарентен и инклузивен начин. ВМРО - ДПМНЕ досега се дистанцираше од анализата, но Комисијата повторно и повторно ја враќа на агендата.

Согласно пристапот на *враќање кон основите* исклучително голем дел од Извештајот е посветен на **јавната администрација** идентификувајќи дека политизацијата на администрацијата и користењето на јавниот сектор како инструмент за политиките сѐ уште загрижуваат.

Покрај тоа што правната рамка за човекови права со години по ред е оценета како солидна, се истакнуваат системски прекршувања на меѓународните стандарди за човекови права во затворите. Оваа оценка е тесно поврзана со критиките за полициско малтретирање кои исто така со години се провлекуваат, поради што и ЕК препорачува воспоставување на независен механизам за надзор.

Преглед на препораките за политички критериуми за 2015 и 2016 година е даден во Прилогот 1.

Преглед на оценките за политичките критериуми од 2011 до 2016 година е даден во Прилогот 2.

## Економски критериуми: нема напредок

Оваа година, делот на економски критериуми е подетално разработен, согласно контекстот во Западниот Балкан и дополнително е усогласен со националните програми за економски реформи.

Несоодветна комбинација на политики на Владата

И во економските критериуми, ЕК констатира дека нема напредок. Кога ќе се споредат извештаите од пред неколку години, Македонија тогаш беше поблиску до стекнување статус на слободна пазарна економија.

Додека и натаму е позитивна оценката за **макроекономската стабилност,** остануваат старите болки на високата невработеност (и покрај намалувањето на процентот), како и ниската конкурентност на домашниот приватен сектор. Се повторува минатогодишната критика на Владата. за дискреционата политика на спроведување.

Уште поизострена е критиката за **растот на надворешнот долг** на земјата – како јавниот, така и приватниот. Покрај тоа, оваа година, Комисијата посебно го нагласува уделот на **претпријатијата во државна сопственост** во зголемувањето на јавниот долг.

**Критиката на економските политики е експлицитна** – се наведува дека комбинацијата на политиките не одговара потполно на економските предизвици.

ЕК е покритична од "Doing business", па и натаму смета дека (не)спроведувањето на договорите е проблем за деловната околина.

Преглед на оценките за економски критериуми е даден во прилогот 3.

## Обврски од членството (acquis): намалена усогласеност со правото на ЕУ

> Македонија е денес помалку подготвена за членство во ЕУ одошто порано

Новиот пристап на ЕУ воведен во 2015 година е проширен во овие извештаи. Оваа година пилот областите ги покриваати прашањата поврзани со економскиот развој, како што се слободното движење на стоки, конкуренција, транспорт и енергија, области на поглавјето 24 (миграции, гранична контрола, азил и борба против тероризам), како и животна средина.




Нема позитивно поместување во статусот на ниедно поглавје - напротив, за едно поглавје е симната оцената за усогласенот (животна средина – од "умерена подготвеност" во "определено ниво на подготвеност"). Ваквата тенденција е видлива од 2014 година, кога се намали степенот на усогласеност и за поглавјето на јавни набавки, во кое пак дополнително оваа година е констатирано дека нема напредок. Ова поглавје е посебно значајно за владеењето на правото.

Така, анализата на нивото на усогласеност на правото на Република Македонија со правото на ЕУ, според извештаите на ЕК, покажува тенденција на намалување. Ова беше единствениот аспект од процесот во кој предничевме пред другите држави, но сега и таа "предност" се губи. Во повеќето поглавја од правото на ЕУ оценката за усогласеност е „умерено подготвена", но и дека има само ограничен или нема напредок од минатата година.




Оваа година, повторно Европската комисија нема оценето ниту едно поглавје со високо ниво на подготвеност.

Преглед на оценките за преземање на обврските од членсвото по поглавје е даден во прилогот 4[1], додека објаснувањето на оценките е дадено во прилогот 5.

## ИПА: Какви реформи, таква поддршка

> Нема ниту волја, ниту способност да се користат европските пари

Од ИПА I (610 милиони евра) не се апсорбирани 117 милиони евра, со веројатност дека оваа цифра ќе се зголеми. II државата уште не почнала да ја реалзира. Комисијата како главен проблем за користењето на фондовите на ИПА ги идентификува неспособноста или непостоењето волја кај Владата за суштествени реформи во „клучни области". Затоа средствата од ИПА 2016 година ЕУ ги намали за 27 милиони евра.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Република Македонија единствена во регионот има надолна линија на реформите во сите три критериуми од пристапувањето во ЕУ.
2. Изразито критичниот извештај сѐ уште дава поттик, преку можноста да се "оживее" препораката за преговори, но условена со долг список на реформски обврски, покрај кредибилните избори во декември 2016 година.
3. Единствено Влада со сериозна реформска платформа и капацитет за нејзино спроведување која ќе пристапи кон градење визија и програма за промени во македонското општество ќе биде во состојба да ја прекине наглата надолна патека на државата илустрирана и со овој извештај на ЕУ.

[1] Во прегледот е направена е нумеричка валоризација на оценките од изминатите години за да се усогласи со новата методологијата на ЕК и да се обезбеди споредливост.

Прилози:

Прилог 1:  Преглед на препораките од политичките критериуми 2015 - 2016 8

Прилог 2: Преглед на заклучоци и оценки во политичките критериуми 2011-2016 19

Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 46

Прилог 4: Преглед на заклучоци и оценки во исполнувањето на обврските од членството 2011-2016 62

Прилог 5 : Методологија на оценување 63

**Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016**

| 2.1. Демократија | Избори |
|---|---|
| **2015** | **2016** |
| Целосно спроведување на препораките од ОБСЕ/ОДИХР пред одржувањето на наредните избори. | **Спречување на заплашувањето на граѓаните и истрага за таквите случаи, одвоеност на државата и партиските активности, балансирано медиумско известување и континуирано ажурирање на Избирачкиот список,** спроведување на препораките од ОБСЕ/ОДИХР, со цел одржување на кредибилни избори. |
| | Зајакнување на капацитетит на Државната изборна комисија, поголема транспарентност и зголемување на довербата на граѓаните во нејзината работа. |
| **Парламент** | |
| Спроведување на препораките од Анкетната комисија за настаните поврзани со 24 декември 2012. | Значително подобрување на легислативната и надзорната функција, како и подобрување на ефикасноста на Парламентот како форум за конструктивен политичкио дијалог и застапување. Треба да се стави фокус на активно учество на сите парламентарни партии, соодветна консултација и проценка на влијанието пред донесување на законодавство, кредибилен надзор над работата на владата и разузнавачките служби, обезбедување политичка одговорност за нелегалното прислушување и следење на заштитата на човековите права и основни слободи во земјата. |
| **Владеење** | |
| | |

## Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016

| 2.1. Демократија | Владеење |
|---|---|
| **2015** | **2016** |
| | **Владата мора да го поврати сопствениот редибилитетот преку спроведување на енергични реформи,** |
| Сите независни регулаторни, супервизорни и советодавни тела треба да се во можност да ги користат своите овластувања на проактивен и ефективен начин, без надворешен притисок и без употреба на несоодветно политичко самоограничување или интерпретација на нивните мандати на формален начин. Овие тела вклучуваат: Државна изборна комисија, Државна комисија за спречување на корупцијата, Агенција за аудиовизуелни услуги, Народен правобранител, Судски совет, Совет на јавни обвинители и Државниот ревизор. | |
| | подготовка и одржување на кредибилни избори, извршување и спроведување на сите обврски предвидени во Договорот од Пржино. |
| | Охридскиот рамковен договор треба да биде разгледан на инклузивен и транспарентен начин и треба да се спроведат препораките кои при тоа би произлегле. |

| Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016 | |
|---|---|
| **2.1. Демократија** | **Владеење** |
| **2015** | **2016** |
| | Владата мора да го поврати сопствениот редибилитетот преку спроведување на енергични реформи, |
| Сите независни регулаторни, супервизорни и советодавни тела треба да се во можност да ги користат своите овластувања на проактивен и ефективен начин, без надворешен притисок и без употреба на несоодветно политичко самоограничување или интерпретација на нивните мандати на формален начин. Овие тела вклучуваат: Државна изборна комисија, Државна комисија за спречување на корупцијата, Агенција за аудиовизуелни услуги, Народен правобранител, Судски совет, Совет на јавни обвинители и Државниот ревизор. | |
| | подготовка и одржување на кредибилни избори, извршување и спроведување на сите обврски предвидени во Договорот од Пржино. |
| | Охридскиот рамковен договор треба да биде разгледан на инклузивен и транспарентен начин и треба да се спроведат препораките кои при тоа би произлегле. |
| **Граѓанско општество** | |
| Националните власти треба поредовно и поефективно да го вклучуваат граѓанското општество во креирањето на политиките и законите | |
| | Владините и невладините актери треба да соработуваат на конструктивен начин. |
| | Државата мора да обезбеди релевантна правна, финансиска и политичка рамки за да се обезбеди функционирање на граѓанското |

| Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016 | |
|---|---|
| **2.1. Демократија** | **Надзорот врз службите за разузнавање** |
| **2015** | **2016** |
| Сите препораките од Итните реформски приоритети за надзор и реформи. | Не се дадени конкретни препораки, но се реферира дека Итните реформски приоритети се' уште не се спроведени. |
| **2.2. Реформа на јавната администрација** | |
| да ја адресира сериозната загриженост за политизацијата на јавната служба, целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуга, вклучувајќи воведување на подобрен систем информационен систем за управување со човечки ресурси) | да се адресира сериозната загриженост за политизација на јавната служба, целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуги (ИРП) |
| суспендирање и ревизија на Законот за трансформација на привремените во постојани договори се додека принципот на заслуги не е целосно опфатен | да се суспендира и разгледа спроведувањето на Законот за трансформација на привремените позиции во постојани договори до целосно исполнување на принципот на заслуги (ИРП), |
| усвојување на стратегија за јавна администрација и управување со јавните финансии, со што треба да се адресираат идентификуваните слабости, вклучително и буџетската транспарентност | да се усвои стратегија за реформа на јавната администрација и програма за реформи за управување со јавните финансии со што треба да се адресираат идентификуваните слабости, вклучително и буџетската транспарентност. |

| Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016 | |
|---|---|
| **2.3. Владеење на правото** | **Надзорот врз службите за разузнавање** |
| **2015** | **2016** |
| Сите препораките од Итните реформски приоритети за надзор и реформи. | Не се дадени конкретни препораки, но се реферира дека Итните реформски приоритети се' уште не се спроведени. |
| **2.2. Реформа на јавната администрација** | |
| да ја адресира сериозната загриженост за политизацијата на јавната служба, целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуга, вклучувајќи воведување на подобрен систем информационен систем за управување со човечки ресурси) | да се адресира сериозната загриженост за политизација на јавната служба, целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуги (ИРП) |
| суспендирање и ревизија на Законот за трансформација на привремените во постојани договори се додека принципот на заслуги не е целосно опфатен | да се суспендира и разгледа спроведувањето на Законот за трансформација на привремените позиции во постојани договори до целосно исполнување на принципот на заслуги (ИРП), |
| усвојување на стратегија за јавна администрација и управување со јавните финансии, со што треба да се адресираат идентификуваните слабости, вклучително и буџетската транспарентност | да се усвои стратегија за реформа на јавната администрација и програма за реформи за управување со јавните финансии со што треба да се адресираат идентификуваните слабости, вклучително и буџетската транспарентност. |

## Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016

| 2.1. Демократија | Граѓанско општество |
|---|---|
| 2015 | Националните власти треба поредовно и поефективно да го вклучуваат граѓанското општество во креирањето на политиките и законите. |
| 2016 | -Владините и невладините актери треба да соработуваат на конструктивен начин.<br>-Државата мора да обезбеди релевантна правна, финансиска и политичка рамки за да се обезбеди функционирање на граѓанското општество. |
| | **Надзорот врз службите за разузнавање** |
| 2015 | Сите препораките од Итните реформски приоритети за надзор и реформи. |
| 2016 | Не се дадени конкретни препораки, но се реферира дека Итните реформски приоритети се' уште не се спроведени. |

## Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016

### 2.2 Реформа на јавната администрација

| | |
|---|---|
| 2015 | -да ја адресира сериозната загриженост за политизацијата на јавната служба, целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуга, вклучувајќи воведување на подобрен систем информационен систем за управување со човечки ресурси)<br><br>-суспендирање и ревизија на Законот за трансформација на привремените во постојани договори се додека принципот на заслуги не е целосно опфатен<br><br>-усвојување на стратегија за јавна администрација и управување со јавните финансии, со што треба да се адресираат идентификуваните слабости, вклучително и буџетската транспарентност |
| 2016 | -да се адресира сериозната загриженост за политизација на јавната служба, целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуги (ИРП)<br><br>-да се суспендира и разгледа спроведувањето на Законот за трансформација на привремените позиции во постојани договори до целосно исполнување на принципот на заслуги (ИРП),<br><br>-да се усвои стратегија за реформа на јавната администрација и програма за реформи за управување со јавните финансии со што треба да се адресираат идентификуваните слабости, вклучително и буџетската транспарентност. |

**Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016**

| 2.3 Владеење на правото | Правосудството |
|---|---|
| 2015 | -деполитизирање на системот на назначување и унапредување во пракса, не само во закон;<br><br>-обезбедување целосна поддршка и ресурси за работата на специјалната јавна обвинителка;<br><br>-реформирање на постоечкиот систем на дисциплински мерки и разрешување на судии;<br><br>-усвојување на нова стратегија за реформи во судството и акциски план со цел адресирање на преостанатите недостатоци на одржлив начин;<br><br>-подобри стратешкото планирање, проценката на потребите, управувањето со и распределбата на ресурсите во рамките на судството. |
| 2016 | -деполитизирање на системот на назначување и унапредување во пракса, не само во закон;<br><br>-обезбедување целосна поддршка и ресурси за работата на специјалната јавна обвинителка;<br><br>-реформирање на постоечкиот систем на дисциплински мерки и разрешување на судии, **во согласност со препораките на ЕУ и Венецијанската Комисија**<br><br>-усвојување на **сериозна** стратегија за реформи во судството и акциски план со цел адресирање на преостанатите недостатоци на одржлив начин;<br><br>-да се подобри стратешкото планирање, проценката на потребите, управувањето со и распределбата на ресурсите во рамките на судството, **вклучително во Министерството за правда** |

## Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016

| 2.3 Владеење на правото | Борба против корупцијата |
|---|---|
| 2015 | - демонстрирање вистинска политичка волја за борба против корупцијата во форма на самостојни и ефикасни мерки од страна на органите за спроведување на законот и надзорните тела, особено Државната комисија за спречување на корупција;<br>- зголемување на видливоста на антикорупциските мерки и постигнатите резултати со цел подобрување на јавната свест и доверба;<br>- развој на веродостојно досие за состојбите во однос на високата корупција;<br>- создавање на ефективна рамка за заштита на укажувачите, во согласност со европските стандарди и најдобрите практики. |
| 2016 | - демонстрирање вистинска политичка волја за борба против корупцијата преку обезбедување на неопходната независност, специјализиран персонал и опрема, како и преку дефинирање на јасни цели и индикатори за мерење на успесите и неуспесите на телата за спроведување на законот<br>- Ревизија на статусот и составот на ДКСК со цел зголемување на транспарентоста, компетентноста и независноста од политичките партии<br>- зголемување на видливоста на антикорупциските мерки и постигнатите резултати со цел подобрување на јавната свест и доверба;<br>- развој на веродостојно досие за состојбите во однос на високата корупција, вклучително за потекло на имотот (согласно ИРП)<br>- имплементирање на ефективна правна рамка за заштита на укажувачите, во согласност со европските стандарди (согласно ИРП) и препораките на Венецијанската комисија |

## Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016

| 2.3 Владеење на правото | Борбата против организиран криминал |
| --- | --- |
| 2015 | - воспоставување на досие за борба против перењето на пари и унапредување на капацитетите и експертизата за спроведување на финансиски истраги и средства за конфискација на посистематска основа;<br>- засилување на напорите за подобрување на соработката меѓу различните агенции за спроведување на законот преку целосно оспособување на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал;<br>- ревидирање на правната и техничката рамка за следење на комуникациите и зголемување на ефективноста на специјалните истражни мерки за вистинско спроведување на целите на законот (Итни реформски приоритети). |
| 2016 | - унапредување на досието за борба против перењето на пари и унапредување на капацитетите и експертизата за спроведување на финансиски истраги и средства за конфискација на посистематска основа;<br>- Да се воспостави независен, надворешен и транспарентен механизам за надзор над полицијата.<br>- засилување на напорите за подобрување на соработката меѓу различните агенции за спроведување на законот преку целосно оспособување на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал;<br>- ревидирање на правната и техничката рамка за следење на комуникациите и зголемување на ефективноста на специјалните истражни мерки за вистинско спроведување на целите на законот (ИРП). |

## Прилог 1: Преглед на препораките од политичките критериуми за 2015 - 2016

| 2.4. Човекови права | Слободата на изразување |
| --- | --- |
| 2015 | - Обезбедување на целосна транспарентност на владиното рекламирање и развој на механизми за неплатени објави за јавна служба кои се од вистински јавен интерес.<br><br>- Гарантирање и спроведување, на политичко ниво, на практикувањето на соодветно самоограничување од страна на политичарите и јавните функционери за да не се покренува постапка за клевета, во согласност со принципите на ЕСЧП<br><br>- Обезбедување пристап на јавноста кон објективно и точно известување за различни мислења во гледаните медиуми, особено во јавниот радиодифузен сервис. |
| 2016 | - Да се прокажат опипливи резултати од тековните реформи во јавниот радиодифузен сервис, насочени кон надминување на недостатокот на политичка независност и балансирано известување (ИРП)<br><br>- Обезбедување на целосна транспарентност на владиното рекламирање, не само на трошењето на јавните финансии, туку исто за примателите и корисниците (ИРП)<br><br>- Обезбедување пристап на јавноста кон објективно и точно известување за различни мислења во гледаните медиуми, особено во јавниот радиодифузен сервис.<br><br>- Сите медиумски чинители треба да превземат соодветка одговорност за професионално однесување. |

**Прилог 2 Преглед на заклучоци и оценки во политичките критериуми 2011-2016**

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | | *I.1.1. Демократија и владеење на правото* | Оценка |
|---|---|---|---|
| 2011 | | | |
| 2012 | | | |
| 2013 | | | |
| 2014 | | | |
| 2015 | **2.1 Демократија** | Земјата се соочи со најлошата политичка криза од 2001<br>кризата се продлабочи со објавувањето на прислушкуваните разговори вклучително и носители на високи функции во владата што сугерираат повреда на фундаменталните права, влијание врз судската независност, медиумските слободи и изборите, политизација и корупција во различни области. Загриженост за сите овие прашања беа сигнализирани во изминатите извештаи за напредокот.<br>Како одговор на ова, Комисијата ги објави Итните реформски приоритети кои делумно се базираат на претходни препораки и делумно на препораките од Високата експертска група за владеење на правото.<br>Комесарот, со помош на тројца членови од Европскиот парламент, го фасилитираше политичкиот договор Јуни/Јули.  До сега, не сите елементи од договорот се спроведени и голем број на рокови се пробиени.<br>Лидерите на политичките партии се посветени да ги спроведат сите препораки од Комисијата за системските прашања поврзани со владеење на правото (Итните реформски приоритети), сепак, спроведувањето отпочна со бавно темпо без конкретни резултати до денес. | |
| 2016 | **2.1 Демократија** | Периодот на известување беше обележан со продолжување на политичката криза  и делумно спроведување на Договорот од Пржино постигнат во текот на 2015. Иако некои рокови се испочитуваа со најголем дел од нив се доцнеше и беше неопходен постојан ангажман и поддршка од ЕУ и САД. Одредени клучни елементи на договорот останаа неисполнети. Иако решавањето на дело од нив започна, ограничен напредок во однос на конкретна имплементација на "Итните  реформски приоритети", пред се поради недостаток на политичка волја. Длабоката политичка криза поттикната од нелегалното следење на комуникациите и сериозноста на нивната содржина продолѓи и во 2016.  Одлуката на претседателот да ги помилува 56 лица обвинети или наводно вклучени во прислушувањето на разговори беше поништена под притисок на силни домашни и меѓународни протести. Генерално, демократијата и владеењето на правото и понатаму треба се соочуваат со предизвици, особено поради "заробени"  институции, како што се судските органи, регулаторните агенции и медиумите. Земјата страда од политичка култура на раздор и недостаток на капацитет за компромис. Тесно партиските интереси и понатаму преовладуваат над интересите на државата и на нејзините граѓани за клучните прашања. Постигнатите договори и одлуки во изминатиот период, вклучително и датумот за подготовка и одржување на кредибилни предвремени парламентарни избори, се можност лидерите на земјата конечно да ја надминат долготрајната криза, да се осврнат на работите поврзани со  системско владеење на правото и да ја вратат земјата цврсто назад на патот кон ЕУ. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Устав* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | |
| 2012 | | |
| 2013 | Устав:<br>Потребно е да се унапреди квалитетот на законодавството;<br>Наоди на Венецијанската комисија за лустрацијата: примена на лустрациски мерки долго време по почетокот на демократизацијата, злоупотреба на политички, идеолошки и партиски причини за лустрациските мерки. | |
| 2014 | Уставните амандмани беа без пропратна легислатива за нивна имплементација.<br>Треба да се базираат врз широк консензус. ЕУ врши дополнителна анализа на усогласеноста со законодавството на ЕУ.<br>Во последно време, доведена е во прашање независноста на Уставниот суд. | |
| 2015 | Беа предложени уставни измени од страна на владата за широк број на области, покрај отсуството на главната опозициска партија од парламентот. Ниту предложените промени, ниту пропратната легислатива беа усвоени од страна на парламентот бидејќи двотретинското мнозинство не можеше да се постигне. | |
| 2016 | | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Избори* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Напредок во спроведувањето на изборите. Изборите беа компетитивни, транспарентни и добро администрирани во целата земја. | 3 |
| 2012 | Доставена легислатива во Собранието на разгледување. | 3 |
| 2013 | Според ОБСЕ, локалните избори беа ефикасно администрирани, но со наводи за заплашување на гласачите и злоупотреба на државни средства во кампањата. Продолжува работата на работните групи за преостанатите препораки на ОБСЕ за изборното законодавство и избирачкиот список. | |
| 2014 | Според ОБСЕ/ОДИХР, претседателските и парламентарните избори беа добро администрирани, без попречување на правото на собир. Се забележува на нејасната поделба помеѓу државата и партијата. Се упатува на нееднаква средина за политички натпревар помеѓу политичките кандидати.Се повторува загриженоста за заплашување на гласачите. Критика врз медиумите и начинот на известување и немањето јасна разлика помеѓу активностите на претставниците од власта и политичките кандидати на изборите.<br>ДИК е добро оценет за администрирање на изборите. Двете работни групи за време на летото продолжија со работа за адресирање на препораките од ОБСЕ/ОДИХР. | |
| 2015 | Недостатоците поврзани со изборите, претходно сигнализирани од ОБСЕ/ОДИХР и други сомневања, беа рефлектирани во содржината на прислушкуваните комуникации. Релевантните Итни реформски приоритети треба да се спроведат. | |
| 2016 | Во пресрет на предвремените парламентарни избори, мора да се продолжи со обезбедување на услови за кредибилен изборен процес (како што се спречување и истрага за заплашување на гласачите, обезбедувајќи одвоеност на државата и партиските активности, балансирано медиумско известување и постојано ажурирање на избирачкиот список) и да се спроведат препораките на ОБСЕ / ODIHR. Треба да продолжат заложбите за подобрување на капацитетите на Државната изборна комисија (ДИК). Потребна е поголема транспарентност за да се зголеми довербата на граѓаните во работа на ДИК. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Политички дијалог* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Одреден напредок | 1 |
| 2012 | 11 | 1 |
| 2013 | 12 | |
| 2014 | Одговорноста паѓа врз Владата и опозицијата за обезбедување политичка дебата во Собранието и обезбедување услови за нејзино функционирање.ирање на изборите. Двете работни групи за време на летото продолжија со работа за адресирање на препораките од ОБСЕ/ОДИХР. | |
| 2015 | Прекинот на политичкиот дијалог и тешкотиите да се постигне консензус за прашања уште еднаш ја потенцираа раздорната политичка култура во земјата. | |
| 2016 | Земјата страда од политичка култура на раздор и недостаток на капацитет за компромис. Тесно партиските интереси и понатаму преовладуваат над интересите на државата и на нејзините граѓани за клучните прашања. | |

[11] Не е посебно издвоен во овој дел во овој Извештај, политичкиот дијалог се третира во рамките на Собранието.
[12] Не е посебно издвоен во овој дел во овој Извештај, политичкиот дијалог се третира во рамките на Собранието.

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Парламент* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Одреден напредок | 1<br>1 |
| 2012 | Одржано фунционирање на Собранието и на политичкиот дијалог; силна поддршка на ПДВН. | |
| 2013 | Парламентот беше погоден од кризата на 24 декември и бојкотот на опозицискиот блок. Од исклучителна важност е да се продолжи со работата на имплементацијата на договорените препораки. Дијалогот помеѓу политичките партии во Собранието треба да се подобри. | |
| 2014 | Функционирањето на Собранието е попречено од недостаток на конструктивен политички дијалог и длабока поделеност помеѓу политичките партии. Постои потреба од воспоставување контрола и баланс врз активностите на Владата од страна на опозицијата. | |
| 2015 | Постојната криза ја подвлече потребата од значително подобрување на работата на Собранието како форум за конструктивен политички дијалог и претставништво, како и легислативата и надзорната функција. Ова треба да вклучи кредибилен функционален надзор врз работата на разузнавачките служби и капацитетот да заштити човековите права и темелните слободи во земјата. Отсуството на главната опозициска партија во известителниот период го намалува квалитетот на реформите и го попречива системот на кочници и спреги (checks and balances). | |
| 2016 | Тековната криза уште еднаш ја нагласи слабата законодавна и надзорна функција на парламентот и потребата за значително подобрување на неговата ефикасност како форум за конструктивен политички дијалог и застапеност. Фокусот треба да биде на активно учество на сите парламентарни партии, соодветна консултација и проценка на влијанието пред донесувањето на законската регулатива, веродостоен функционален надзор на работата на владата и разузнавачките служби, утврдување политичка одговорност за нелегалното прислушување, како и на способноста за следење на заштитата на човековите права и основни слободи во земјата. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | ***Владеење*** | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | |
| 2012 | | |
| 2013 | | |
| 2014 | | |
| 2015 | Владеењето во земјата беше затегнато со тековната политичка криза и беше поставено во прашање преку објавувањето на неетичко однесување, незаконски активности и дури потенцијални криминални дела. Само ограничина политичка одговорност беше преземена преку оставките на двајца министри и директорот на УБК. Недостатокот на надзор врз клучните тела треба да биде адресирано и сите независни регулатори, надзорни и советодавни тела треба да се во можност да ги спроведуваат своите функции проактивно, ефективно и слободно од политички притисок. Интеретничките тензии ја подвлекоа потребата од целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор. | |
| 2016 | Сериозните предизвици со демократското управување на земјата продолжија и предизвикуваат загриженост поради заробување на институциите, на институциите и клучните сектори во општеството. Независните регулаторни, надзорни и советодавни тела не беа во можност да ги извршуваат своите функции проактивно, ефикасно и ослободени од политички притисок, што доведува до ограничен надзор на извршната власт. Владата треба да го врати кредибилитетот со спроведување на енергични реформи, подготовка и одржување на веродостојни избори, извршување и спроведување на сите обврски од Договорото од Пржино. Македонската влада постигна ограничен напредок во спроведувањето на "Итните приоритети на реформите", прифати во јуни 2015 година Назадувањето продолжува во некои критични области на Владеењето на правото. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Извршна власт* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Надминати разлики, зајакната соработка. | 2 |
| 2012 | Соработката во коалицијата продолжила и успеала во ставањето на процесот на пристапување во центарот на политичката агенда. Зрелост во справувањето со меѓуетничките тензии. | 1 |
| 2013 | Владата остана стабилна и продолжи со својата посветеност на реформите поврзани со ЕУ кои остануваат високо на нејзината агенда Потребен е посилен пристап базиран на консензус во политиката, како и разграничување на политичките партии и на државните структури. | |
| 2014 | Македонската Влада треба подобро да функционира како единица со цел преземање проактивни и заеднички мерки за зајакнување на довербата помеѓу заедниците во земјата. Вицепремиерот за ЕУ продолжува да има клучна улога во координирање на процесот на ЕУ. Административните регистри, како замена на неуспешниот попис, и методологијата за нивното спроведување, треба да бидат спроведени со широк политички консензус.<br>Коалициската Влада треба да примени интегриран, координиран и транспарентен пристап со цел спроведување проактивни мерки за национални, меѓуетнички и за прашања од ЕУ. Треба да се преземат активности за адресирање на препораките од ОБСЕ/ОДИХР за претопувањето на државата со партиите на власт. | |
| 2015 | Владината коалиција помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ остана стабилна, но сериозно затегната од кризата. Во мај, коалицијата го изгуби двотретинското мнозинство. Децентрализацијата на Владата е од исклучителна важност и клучен елемент од Охридскиот рамковен договор. Една општина (Пласница) ја нема комплетирано втората фаза на фискална децентрализација. Направен е одреден напредок во усвојувањето на стратегиската Програма за децентрализација 2015-2020 и Акциски план. Сепак, процесот на децентрализација треба да биде подобрен. | |
| 2016 | Во согласност на Договорот од Пржино, министрите од СДСМ се приклучија на привремената Влада во ноември 2015 година, а заменици-министри од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМбеа назначени во неколку министерства, со право на вето на прашања поврзани со изборите. Сепак, опструкции и недостаток на соработка во овие меѓу-партиски министерства беа пријавени од сите страни.<br>Постојат ограничени владини заложби за дијалог со невладините организации. Нивното вклучување во креирањето на политиките и изготвување на законодавството останува недоволен, иако некои дополнителни напори беа направени од страна на Секретаријатот за европски прашања. 89 граѓански организации изразија сериозна загриженост за процесот за формирање на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, особено во врска со недостатокот на соодветен консултативен процес и процесот на избор на претставници на граѓанското општество. Локалната власт продолжува да нема соодветни капацитети за соработка со невладините организации. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Граѓанско општество* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | напредок: 0 |
| 2012 | | |
| 2013 | | |
| 2014 | Зајакнато граѓанско општество е критична компонента за секој демократски систем и неговата улога треба да биде призната и третирана на таков начин од страна на Владата.<br>И покрај формалните подобрувања во процесот на консултација, граѓанските организации изразуваат загриженост за тешката клима во која функционираат. | |
| 2015 | Иако е постигнат одреден напредок, граѓранските организации продолжија да изразуваат сериозна загриженост за тешката клима во која тие работат. Тие известуваат дека се предмет на груб критицизам од страна на политичарите и провладините медиуми, како и ограничена посветеност за дијалог. Во текот на политичката криза во 2015, ГО честопати играше конструктивна улога преку организирање на бројни мирни протести кои ги надминаа етничките линии и побараа поголема одговорност од политичарите. ГО покажа над-етничко единство по трагичните настани во Куманово пролетта 2015 година. Истовремено, политичката поларизација и поделбата може сеуште да биде обзервирана помеѓу ГО кои ја поддржуваат владата и тие што ја опонираат.  Националните власти треба да ги вклучат граѓанските организации во процесот на носење одлуки и легислативата на регуларен и ефективен начин. | |
| 2016 | Нема напредок во спроведување на минатогодишните препораки. Средината во која работат граѓанските организации е влошена. Националните органи мора да се консултираат и да се вклучат со граѓанското општество за да се изнајде начин за излез од кризата преку подобро вклучување на граѓанските организации во креирањето на политиките, законодавниот процес и во дискусиите кои треба да резултираат со конкретни активности. И Владата и невладините актери треба да соработуваат на конструктивен начин. Државата мора да обезбеди релевантни правни, финансиски и политички рамки за да се обезбеди функционирање на граѓанското општество. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Надзор врз службите за разузнавање* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | |
| 2012 | | |
| 2013 | | |
| 2014 | | |
| 2015 | Во теорија, земјата има систем за надзор кој не функционира во пракса. Не постои преземање на значајна одговорност за сериозните пропусти во службите за разузнавање за спречување на нелегално прислушкување. Во овој дел треба да се реализираат препораките од Итните реформски приоритети. | |
| 2016 | Двете комисии за надзор со кои претседава опозицијата (една за безбедност и контраразузнавање и една за следење на комуникациите) ја започна својата работа во септември 2015 година Тие ја посетија Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) и други служби, но не извршија никаков ефективен надзор. Јасните препораки за надзор и реформа на разузнавачките служби во "Итните реформски приоритети" не се спроведени. Надзорниот систем се уште не е целосно функционален, особено во поглед на разузнавачките служби. Работата на реформите во секторот за разузнавање конечно беше лансиран во октомври 2016 година со надворешна поддршка. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Јавна администрација* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Напредок во рамка, ограничен напредок во имплементација. | 1 |
| 2012 | Одреден напредок. | 1 |
| 2013 | Продолжи работата на новата законодавна рамка за унифицирање на правилата и вградување на принципите на транспарентност и заслуги. Потребни се дополнителни напори за унапредување на професионализмот и независноста на јавната администрација, како и правичната застапеност. | |
| 2014 | Јавната администрација е фрагментирана и предмет на политичко влијание и покрај напредокот во нормативното уредување на областа. Треба да се инвестираат дополнителни напори за обезбедување на принципот на транспарентност и одговорност, принципот на мерит и правичната застапеност.<br>Фискалната транспарентност треба да се унапреди. | |
| 2015 | Земјата е умерено подготвена со реформата на јавната администрација. Направен е одреден напредокво легислативата и подобрувањето со нудењето на услуги према граѓаните и бизнисите. Загриженоста за политизацијата беше подигната преку содржината од објавените прислушкувани материјали и доцнење во целосното спроведување на новата законска рамка. Потребна е силна политичка волја за гарантирање на независноста на администрацијата и почитувањето на принципите на транспарентност, заслуга и правична застапеност. | Подготовка:3, напредок: -1 |
| 2016 | Земјата е умерено подготвена во поглед на реформата на јавната администрација. Во текот на изминатите години иако ограничен беше постигнат одреден напредок. Започна со имплементација новата правна рамка за управување со човечките ресурси. Сепак, има недоволна посветеност за спроведување препораките на Комисијата од 2015 год. Неефикасените линии на одговорност, употребата на јавниот сектор како политички инструмент, наводните притисоци врз вработените во јавниот сектор и наводната политизација на администрацијата во текот на изборна година продолжува да бидат предмет на загриженост. Исто така, недостатокот на политичка посветеност за реализација на неопходните реформи во управувањето со јавните финансии доведе до значително намалување на финансиската помош од ЕУ во 2016 година.  Потребна е силна политичка заложба за да се гарантира независноста на јавната администрација и почитување на принципите на транспарентност, заслуги и правична застапеност. Во наредната година, земјата треба особено да: се посвети на сериозната загриженост за политизација на јавната служба;обезбеди целосно спроведување на принципите на одговорност, транспарентност и заслуги (како што е предвидено во "Итните реформски приоритети", како и законот); ја суспендира и преиспита имплементацијата на Законот за трансформација на привремени позиции во постојани договори се додека принципот на заслуги целосно не се испочитува (како во/ согласно "Итно реформски приоритети");усвои стратегија за реформа на јавната администрација и програмата за реформа на управувањето со јавните финансии, кои ќе се осврнуваат на идентификуваните слабости, вклучително и на транспарентноста на буџетот. | Подготовка:3, напредок: 1 |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Правосудство* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Ограничен напредок. | 1 |
| 2012 | Генерално, одреден напредок; напредок во ефикасноста на судскиот систем, ограничен во независноста и квалитетот. | 1 |
| 2013 | ПОГЛАВЈЕ 23<br>Одреден напредок, дополнителни напори се потребни да се обезбеди независноста на судството и да се адресира проблемот на долгите судски постапки. | |
| 2014 | ПОГЛАВЈЕ 23<br>Земјата има спроведено голем број реформски зафати во оваа област, како и воспоставени правни и административни структури. Сепак, постои ризик од уназадување во областа на правосудството.<br>Постои структурна наспроти функционална независност на судиите. Треба да се унапреди квалитетот на правдата и стандардите за услужување на граѓаните.<br>Еден од клучните предизвици е зголемената загриженост за селективноста и влијанието врз судството и телата со посебни овластувања.<br>Презумпцијата на невиност не е целосно разбрана и почитувана од страна на властите.<br>Постојат сомнежи во и надвор од државата за можно политичко влијание врз одредени судски процеси. | |
| 2015 | Судскиот систем во земјата е на одредено ниво на подготвеност Меѓутоа, има уназадување во состојбата. Резултатите од реформите спроведени во минатата деценија се поткопани од реалното и потенцијалното политичко мешање во работата на судството. Останува да се решат веќе отворените прашања, нотирани со претходните извештаи. Итните реформски приоритети ги утврдуваат што треба земјата да направи за да се избегне натамошно уназадување. Законодавната и институционалната структура, коишто се веќе поставени, треба да се користат во добра волја и во духот на она за што се наменети.<br><br>Идната година треба особено да се:<br>- деполитизира системот на назначување и унапредување во пракса, не само во закон;<br>- обезбеди целосна поддршка и ресурси за работата на специјалната јавна обвинителка;<br>- реформира постоечкиот систем на дисциплински мерки и разрешување на судии;<br>- усвои нова стратегија за реформи во судството и акциски план со цел адресирање на преостанатите недостатоци на одржлив начин;<br>- подобри стратешкото планирање, проценката на потребите, управувањето со и распределбата на ресурсите во рамките на судството. | Подготовка:2, напредок: 0 |

| 2016 | Судскиот систем во земјата има одредено ниво на подготовка. Сепак, назадувањето продолжува и ова претставува сериозен проблем. Реформите спроврдени во последната деценија продолжуваат да бидат нарушувани од политичко мешање во работата и именување во судството. Нема напредок во поглед на минатогодишните препораки или на веќе идентификуваните отворени прашања во претходните извештаи и во "Итните реформски приоритети". Работата на Специјалниот обвинител не треба да се попречува.<br>Во наредната година, земјата особено треба :<br>-Да го деполитизира системот за назначување и промоција во пракса, не само во законот;<br>-Да обезбеди целосна поддршка и ресурси за Специјалниот обвинител;<br>-Да го реформира системот за дисциплински постапки и разрешување на судиите, во согласност со препораките на ЕУ и Венецијанската комисија;<br>-Да развие сериозна стратегија за реформи во правосудството и акциониот план за решавање на преостанатите недостатоци на одржлив начин;<br>-Да го подобри стратешкото планирање, проценката на потребите, управување со ресурсите и распределбата во рамките на секторот за правда, вклучително и во рамките на Министерството за правда. | Подготовка:2, напредок: 0 |
|---|---|---|

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Борба против корупцијата.* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Ограничен напредок. | 1 |
| 2012 | Мал видлив напредок. | 1 |
| 2013 | ПОГЛАВЈЕ 23<br>Законодавната рамка е комплетирана и потребни се напори да се обезбеди и да се подобри ефективноста на судовите во однос на следењето на случаите доставени до јавното обвинителство во однос на санкционирањето и брзината на постапките. | |
| 2014 | ПОГЛАВЈЕ 23<br>Постои ризик од уназадување во областа на борбата против корупцијата.<br>Правната и институционална рамка на земјата постепено прераснува во досие на успешност особено во спроведување на истрагите, обвинителството и пресудите. Се забележува на незадоволително ниво на стратешко планирање и исполнување на клучните области – јавни набавки, политичка корупција и корупција на високо ниво. Зголемена политичка посветеност е од огромно значење.<br>Селективно спроведување на законската рамка и политичкото влијание врз процесите.<br>Јавната доверба во телата кои спроведуваат политики за борба против корупцијата с уште е на ниско ниво. Корупцијата продолжува да биде присутна во многу области и продолжува да биде сериозен проблем. | |
| 2015 | Земјата е на одредено ниво на подготвеност во однос на борбата против корупцијата, ја има поставено потребната законска и институционална рамка во текот на последната деценија, како и развој на досието во однос на спречувањето и гонењето. Во изминатата година не е постигнат напредок во однос на идентификуваните прашања. Корупцијата останува широко распространета. Капацитетот за успешно справување моментално е поткопан од недостигот на политичка волја и политичкото мешање во работата на релевантните тела, што ја попречува нивната способност да дејствуваат проактивно и неселективно, особено во случаи на висока корупција (Итни реформски приоритети).<br>За адресирање на наведените недостатоци, во наредната година земјата треба да посвети особено внимание на:<br>- демонстрирање вистинска политичка волја за борба против корупцијата во форма на самостојни и ефикасни мерки од страна на органите за спроведување на законот и надзорните тела, особено Државната комисија за спречување на корупција; - зголемување на видливоста на антикорупциските мерки и постигнатите резултати со цел подобрување на јавната свест и доверба; | Подготовка:2, напредок: 0 |
| 2016 | Земјата има одредено ниво на подготовка. Законодавната и институционалната рамка беше развиена во текот на повеќе од една деценија, како и досиеја на постигнување за превенција и гонење. Не е постигнат напредок за отворените прашања во изминатата година или за препораките од минатата година. Корупцијата останува распространета во многу области и продолжува да биде сериозен проблем. | Подготовка:2, напредок: 0 |

2016

Значителен пад е забележан и во активностите за превенција и репресија. Капацитетот за ефикасно справување со корупцијата продолжува да биде нарушен од политичко мешање во работата на органите, оневозможувајќи го нивното проактивно и неселективно делување, особено во случаи на високо ниво ("Итните реформски приоритети").
Во решавањето на наведените недостатоците, земјата во наредната година треба да се посвети посебно внимание на:

-Демонстрирање на вистинска политичка волја преку обезбедување на органите за спроведување на законот со потребната автономија , специјализиран персонал и опрема и со јасно дефинирање на конкретни цели и индикатори за мерење на достигнувањата или неуспесите;

-Разгледувањето на статусот и составот на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) со цел да се направи повеќе транспарентна, базирана на заслуги и независна од политичките партии;

-Подобрување на јавната свест и доверба во борбата против корупцијата преку зголемување на видливоста на антикорупциските мерки и постигнатите резултати;

-Развој на веродостојна евиденција за борба против корупцијата на високо ниво, вклучувајќи поврат на средствата (наведено како во "Итните реформски приоритети");

-Спроведувањето на ефикасна правна рамка за заштита на пријавувачите на корупција /"свиркачите", во согласност со европските стандарди (наведено како во"Итните реформски приоритети") и препораките на Венецијанската комисија.

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Борба против организиран криминал (ново поле од оваа година)* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | |
| 2012 | | |
| 2013 | | |
| 2014 | | |
| 2015 | Земјата е на одредено ниво на подготвеност во однос на борбата против организиран криминал. Не е постигнат никаков напредок. Правната рамка во голема мера е усогласена со европските стандарди. Општиот капацитет за справување со организираниот криминал е зголемен со основање на специјализирани единици во полицијата и јавното обвинителство. Сепак, останува да се направи уште многу за подобрување на ефективноста во спроведувањето на законот од оваа област.<br>За надминување на наведените недостатоци, во наредната година потребно е да се обрне особено внимание на:<br>- воспоставување на досие за борба против перењето на пари и унапредување на капацитетите и експертизата за спроведување на финансиски истраги и средства за конфискација на посистематска основа; - засилување на напорите за подобрување на соработката меѓу различните агенции за спроведување на законот преку целосно оспособување на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал;<br>- ревидирање на правната и техничката рамка за следење на комуникациите и зголемување на ефективноста на специјалните истражни мерки за вистинско спроведување на целите на законот. | Подготовка:2, напредок: 0 |
| 2016 | Земјата има постигнато одредено ниво на подготовка во борбата против организираниот криминал. Правната рамка е во голема мерка во согласност со европските стандарди. Нема напредок во поглед на препораките од минатата година. Посебно одделение за економски криминал и корупција беше основано во Министерството за внатрешни работи. Сепак, треба да се направи повеќе во оваа област за да се подобри ефикасноста на органите за спроведувањето на законот.<br>Во решавањето на наведените недостатоците, земјата во наредната година треба да посвети посебно внимание на:<br>-Воспоставување на подобри резултати во борбата против перењето пари и подобрување на капацитетот и експертиза за извршување на финансиските истраги и конфискацијата на имотот на посистематски начин;<br>-Воспоставување на независен, надворешен и транспарентен механизам за надзор за полицијата;<br>-Ги засили напори за подобрување на соработката помеѓу различни органи за спроведување на законот преку воведување на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал во целосна оперативност;<br>-Ревидирање на правната и техничка рамка за следењето на комуникациите и зголемување на ефективноста на посебни истражни мерки за автентично/ вистинско спроведување на законските цели (наведено како во "Итните реформски приоритети"). | Подготовка:2, напредок: 0 |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Борба против тероризам (ново поле)* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | |
| 2012 | | |
| 2013 | | |
| 2014 | | |
| 2015 | ПОГЛАВЈЕ 24<br>Земјата е погодена од феноменот на странски терористички борци и радикализација. Потребна е сеопфатна и ефективна стратегија за борба за спречување и одвраќање/спротивставување на радикализацијата, во тесна соработка со верските лидери и заедници, социјалните работници и работниците од првите редови, образовниот систем и младинските организации. Феноменот на странски терористички борци бара посветен пристап од разузнавачките органи и органите за спроведување на законот заедно и кохерентен судски пристап во однос на сторителите. | |
| 2016 | | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Почитување на меѓународното право на човекови права* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Постои правна рамка, некомплетна институционална рамка; ограничен напредок во унапредувањето и во спроведувањето на човековите | 1 |
| 2012 | Ограничен напредок во унапредувањето и во спроведувањето на човековите права. | 1 |
| 2013 | ПОГЛАВЈЕ 23<br>Натамошен напредок со ратификацијата на Конвенцијата за заштита на децата од сексуална злоупотреба и третиот опциски протокол на Конвенцијата за правата на детето. | |
| 2014 | ПОГЛАВЈЕ 23<br>Остварен е натамошен напредок. | |
| 2015 | ПОГЛАВЈЕ 23:<br>Правната рамка за заштита на човековите права во голема мера е во согласност со европските стандарди, но фокусот треба да биде ставен на нејзино спроведување. Различните тела кои се вклучени во заштита и унапредување на човековите права немаат доволно кадар и финансиски средства и понекогаш се јавува слаба координација. Општите слабости во остварувањето на човековите правастандарди најмногу ги погодуваат ранливите и маргинализирани групи во општеството, вклучувајќи ги и децата и малолетниците (juveniles), лицата со хендикеп, Ромите и ЛГБТ заедницата.<br><br>Слабостите особено влијаат на следниве области:<br>- затворскиот систем и понатаму е лошо управуван и недостасуваат финансиски и човечки ресурси;<br>- несанкционирањето на полицијата треба да се адресира преку воспоставување на независен механизам за надзор;<br>- наспроти подобрувањата во законската рамка, слободата на изразување е проблематична во пракса. | |
| 2016 | Правната рамка за заштита на човековите права во голема мера е во согласност со европските стандарди, но законите понекогаш не се применува во целост или правилно. Телата вклучени во заштитата и унапредувањето на човековите права немаат доволно кадар и финансиски средства, тие се координираат лошо, а во некои случаи, не се сметаат за независни.<br>Слабостите во спроведувањето на стандардите за човековите права продолжуваат да влијаат пред се на најранливите и маргинализирани групи во општеството, вклучувајќи ги децата и младите луѓе, лица со хендикеп, Роми и ЛГБТ заедницата<br>Недостатоци особено ги опфаќаат следниве области:<br>- Сериозни практични проблеми постојат во врска со слободата на изразување поради нееднаквата примена на законот и политичкото попречување. | |

2016

- Затворскиот систем и натаму е кадровски неекипиран и лошо управуван, што резултира со системски прекршувања на меѓународните - Затворскиот систем и натаму е кадровски неекипиран и лошо управуван, што резултира со системски прекршувања на меѓународните стандарди за човекови права.
- Воспоставување на независен механизам за надзор е често повторувана потреба, која сеуште не е решена, а е потребна да овозможи дека жалбите за полициско малтретирање се испитуваат сериозно и темелно.

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Граѓански и политички права со акцент врз слободата на изразување и независните медиуми.* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Ограничен напредок.права. | 1 |
| 2012 | Одреден понатамошен напредок. | 1 |
| 2013 | Натамошен напредок со ратификацијата на Конвенцијата за заштита на децата од сексуална злоупотреба и третиот опциски протокол на Конвенцијата за правата на детето. | |
| 2014 | Правна рамка за заштита на фундаменталните права постои, но потребно е фокусирање на ефективна имплементација.<br><br>Ситуацијата во однос на слободата на изразување и натаму е крајно проблематична, и покрај воведувањето нова сеопфатна легислатива кон крајот на 2013 година, по екстензивно јавно консултирање и советување со интернационални организации.<br><br>Постои индиректна владина контрола на медиумите преку емитување владини реклами на провладини медиуми. | |
| 2015 | Оваа година фокусот е на слободата на изразување. Земјата има одредено ниво на подготвеност во однос на слободата на изразување. Законодавната<br>рамка е ревидирана во последните неколку години и е усогласена со acquis и меѓународните стандарди. Сепак, слободата на изразување и медиумите остануваат предизвик во актуелната медиумска култура и политичка клима. Земјата бележи уназадување во текот на изминатата година. | подготовка: 2, напредок: -1 |
| 2016 | Земјата има одредено ниво на подготовка. Законската рамка е во голема мерка во согласност и со европското законодавство и меѓународните стандарди, иако има барања за понатамошни реформи во земјата. Слободата на изразување и со состојбата на медиумите останува сериозен предизвик во контекст на сегашната политичка клима. Нема напредок во оваа област во текот на поголемиот дел од изминатата година. Релевантни податоци за владините реклами, што може да претставува средство за вршење влијание врз радиодифузерите, се уште не се објавени од страна на властите. Избалансиран и разновидно известување од страна на мејнстрим медиумите се уште нема, иако имаше некои охрабрувачки знаци во текот на летото во однос на известувањето од страна на јавниот радиодифузен сервис и некои приватни канали. | подготовка: 2, напредок: 0 |

2016

Во наредната година земјата особено треба:
- Да покаже видливи резултати од реформите кои се спроведуваат во рамките на јавниот радиодифузен сервис, со цел решавање на недостатокот на политичка независност и недостигот на балансирано известување ( "Итните реформски приоритети");
- Да обезбеди целосна транспарентност на владините реклами, а не само за трошењето на јавните финансии, туку и на своите корисници и содржини ( "Итните реформски приоритети");
- Да обезбеди јавноста да има пристап до објективно и точно известување и различни гледишта преку мејнстрим медиумите, особено преку јавниот радиодифузен сервис;
- Сите медиумски чинители треба да ги превземат нивните соодветни обврски за професионално однесување.

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | ***Економски, социјални и културни права.*** | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Воспоставени економски и социјални права, одреден натамошен напредок. | 1 |
| 2012 | Одреден напредок. | 1 |
| 2013 | 14 | |
| 2014 | Одреден напредок. | |
| 2015 | И покрај многуте проблеми, работничките и синдикалните права генерално се почитуваат. Потребно е да се зајакне социјалниот дијалог и капацитетите на социјалните артнери во носењето на одлуки. | |
| 2016 | | |

[14] Не е посебно издвоен во овој дел во Извештајот.

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Заштита од дискриминација.* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | | 1 |
| 2012 | | |
| 2013 | Нема напредок. | |
| 2014 | Во однос на правата на ЛГБТ-заедницата, потребни се значителни напори за зголемување на свеста за почитување на различностите во општеството и отстранување на нетолеранцијата што се шири преку социјалните мрежи.<br>Сторителите на инциденти сè уште не се гонети. Податоците за известување, истрага и гонење на говорот на омраза и делата од омраза не се собираат систематски.Потребно е усогласување на Законот за спречување и заштита од дискриминација со ЕУ-acquis, бидејќи во Законот не е воведена сексуалната ориентација како основа за дискриминација, како и обука на јавните обвинители и судии. | |
| 2015 | Законодавната рамка сеуште треба да се усогласи со acquis во доменот на дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Потребно е подигнање на јавната свест за работата на Комисијата за заштита од дискриминација. Комисијата нема доволно ресурси и кадар за да ја обавува нејзината работа и и натаму постои загриженост за нејзината независност.<br>Лицата кои се дел од ЛГБТИ заедницата, продолжуваат да страдаат од дискриминација и хомофобични медиумски содржини, во виртуелниот и реалниот живо. Во август Собранието го отфрли нацрт-амандманот законската регулатива за антидискриминација, со којшто би се забранила било каква форма на директна или индиректна дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.<br>Потребни се значителни напори за зголемување свеста и почитувањето на различностите во општеството и спротивставување на нетолеранцијата. Тоа може да се постигне преку јавни кампањи и обуки на полициските агенции, обвинители, судии и здравствени работници. И покрај повиците на граѓанските организации и меѓународната заедница за сторителите да бидат кривично гонети, ниту еден од нападите сеуште не се целосно испитани. генерално се почитуваат. Потребно е да се зајакне социјалниот дијалог и капацитетите на социјалните артнери во носењето на одлуки. | |
| 2016 | | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Малцински права, заштита на малцинствата и културни права.* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Одреден напредок. | 1 |
| 2012 | Одреден напредок. | 1 |
| 2013 | Недостатокот на финансиски ресурси, несоодветната соработка помеѓу институциите, како и потребата за проактивна имплементација на релевантните политики (пример: Стратегијата за Ромите) го ограничуваат напредокот во почитувањето и во заштитата на малцинствата. | |
| 2014 | Напредокот во заштитата на правата на малцинствата и натаму е попречуван поради недоволно финансиски и човечки ресурси и неадекватна соработка меѓу надлежните органи.<br>Потребен е проактивен пристап за да гарантира етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на сите заедници. | |
| 2015 | Беше усвоена новата стратегија за Ромите 2015-2020 и зајакнати се капацитетите на Министерството за труд и социјална политика. Сепак, најзагрозените Ромите имаат проблеми со пристапот до социјални бенефиции поради недостатокот на административна документација. Тешко се забележува напредок во поглед на политичкото претставување, медиумската покриеност на ромски јазик и статусот на ромскиот јазик во општини во кои мнозинството од населението се Роми. Сегрегацијата, стереотипите и дискриминацијата и понатаму преовладуваат. Регистрирани се жалби од Роми кои биле спречени да ја напуштат државата. Голем дел живеат во субстандардни услови и со соочуваат со проблеми во пристапот до образование, домување, здравство и вработување. | |
| 2016 | | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Имплементација на Охридскиот рамковен договор.* | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Одреден напредок. | 1 |
| 2012 | 15 | |
| 2013 | Договорот е во важност од 2001 година, но сè уште е потребен напредок во однос на системските прашања поврзани со децентрализацијата, недискриминација, правична застапеност, користење на јазиците и образованието. | |
| 2014 | Се констатира дека „доминира недостаток на доверба меѓу заедниците“, како и дека „настани и инциденти лесно предизвикуваат тензии“. На Владата и се препорачува повеќе проактивен и заеднички пристап во промоцијата на вклучувачко мултиетничко општество.<br>Се укажува на потребата анализата на Охридскиот рамковен договор да се комплетира и да се дадат препораки. | |
| 2015 | Охридскиот рамковен договор продолжи да обезбедува основа за односите помеѓу заедниците. Агенцијата за заштита на малцинствата, Дирекцијатаза образование на јазиците на заедниците и Управата за унапредување на културата на заедниците се соочуваат со недоволно човечки и финансиски ресурси. Меѓуинституционалната соработка останува слаба. Системските метки во голем дел се спроведени преку средства од донатори. Ограничено се користи политиката за интегрирано образование. Мерки против поделба на етничка основа во училиштата не се доволни. Постојат повеќе форми на дискриминација при што преземените мерки, вклучително и преку медиумите, се неефикасни. | |
| 2016 | Децентрализацијата на власта е клучен елемент на Охридскиот рамковен договор. Недоволното финансирање од Централниот буџет и нискиот капацитет на наплата на локалните даноците го компромитира капацитетот на некои општини да ги извршуваат своите обврски. Правната рамка за локалната самоуправа треба да биде повторно разгледана.<br>Балансираниот регионален развој е еден од основните елементи на ОРД. Акциониот план за 2016-2019 предвидува потранспарентна и урамнотежена распределба на националните фондови. Буџетот за регионален развој за 2016 год. двојно се зголеми, а буџетот за 2017 година предвидува уште едно зголемување, но сепак тоа нема да биде доволно.<br>Охридскиот рамковен договор треба да биде разгледан на инклузивен и транспарентен начин и евентуалните препораки да бидат спроведени. Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор (ОРД) остана високо политизирана. Со меѓународна поддршка, Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор, подготви извештај со препораки и го достави до Владата во декември 2015 година. Засега нема подетални податоци за следење на состојбите. Меѓуетничките тензии предизвикани од јавното изразување на верските и етничките симболи беа смирени од страна на верските и политичките лидери. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | I. 1.3. Регионални прашања и меѓународни обврски | Оценка |
|---|---|---|
| 2011 | Конструктивен партнер во регионот, унапредува билатерлани односи, прашањето на името продолжува да влијае на односите со Грција. | 2 |
| 2012 | Активно учествува во регионалната соработка и продолжува со унапредувањето на билатералните односи со соседите. Прашањето со името продолжува да влијае врз односите со Грција; потребен е конструктивен однос во пристапот кон соседите. | 2 |
| 2013 | Активно учествува во регионалната соработка и продолжува со унапредувањето на билатералните односи со соседите. Одржувањето на добрососедските односи, вклучително решавање на прашањето на името, останува клучно. Има отворени прашања во преговорите за билатерален договор во Бугарија. Потребен е конструктивен пристап во односите со соседите и треба да се избегнуваат акции и изјави кои може да влијаат негативно. | |
| 2014 | Активно учествува во регионалната соработка и продолжува со унапредувањето на билатералните односи со соседите. Одржувањето на добрососедските односи, вклучително решавање на прашањето на името останува клучно. Има отворени прашања во преговорите за билатерален договор со Бугарија. | |
| 2015 | Активно учествува во регионални иницијативи. Свеж поттик дава регионалната соработка од во рамките на Берлинскиот процес, со земјите од Западен Балкан (WB6) за интензивирање на соработката меѓу себе и со ЕУ. Македонија продолжи да игра генерално конструктивна улога во билатералните односи со другите земји што претендираат за членство во ЕУ и со соседните земји-членки на ЕУ. Односите со Бугарија и Грција и понатаму се под влијание на отворените прашања. Суштинско е тоа што се преземени решителни чекори за решавање на прашањето за името (Strategy Paper). | |
| 2016 | Регионалната соработка и добрососедските односи се суштински дел од процесот на приближување на земјата кон ЕУ. Земјата продолжува активно да учествува во регионалните иницијативи како што е Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка, ЦЕФТА,  "Западно- Балканската 6-ка", Договорот за енергетска заедница, Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област, Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), Реги+Q63оналната иницијатива за миграции и азил (МАРРИ) и РЕКОМ. Земјата остана конструктивно посветена на билатерлните односи со други земји од процеот на проширување и соседните земји членки на Унијата.Односите со Бугарија продолжија да се под влијание на разликите, пред се во однос на интерпретацијата на историјата, сепак голем број на посети на високо ниво се одржаа. Односите со Грција и натаму се под влијание на прашањето за името. Немаше никакви формални разговори за ова прашање под покровителство на ОН за време на тековниот период на известување. Министрите за надворени работи се сретна на билатерлни и мултилатерлни средби. Мерките за градење на доверба  вродија со опипливи резултати. | |

| Критериум/Поткритериум/Поглавје | *Генерална оценка* |
|---|---|
| 2011 | Продолжува во доволна мера да ги исполнува политичките критериуми. |
| 2012 | Продолжува во доволна мера да ги исполнува политичките критериуми. |
| 2013 | Продолжува во доволна мера да ги исполнува политичките критериуми. |
| 2014 | Општо земено, имајќи го предвид кумулативниот напредок што земјата го има постигнато, Комисијата смета дека политичките критериуми и натаму се исполнети така што Комисијата ја одржува препораката да се отворат пристапни преговори, но жали за чекорите назад изминатата година. |
| 2015 | Со оглед на досегашниот напредок во спроведувањето на политичкиот договор од јуни/јули, Комисијата е подготвена да ја даде својата препорака за отворање на пристапните преговори со Република Македонија.<br><br>Сепак, услов за ова ќе биде континуирано спроведување на политичкиот договор од јуни/јули и значаен напредок во спроведувањето на итните реформски приоритети. Ова прашање ќе биде адресирано уште еднаш по изборите. |
| 2016 | Неодамнешните позитивни чекори во однос на договорот од Пржино се вистинска можност за политичките лидери конечно да ја надминат долготрајната криза и да се зафатат со системските прашања.<br>Со оглед на ова, Комисијата е подготвена да ја даде својата препорака за отворање на пристапните преговори со Република Македонија. Сепак,, услов за ова е имплементација на договорите од Пржино, пред сé одржување на кредибилни избори; и значителен напредок во имплементацијата на итните реформски приоритети. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

### *2.1. постоење на функционална пазарна економија*

| | |
|---|---|
| 2011 | |
| 2012 | |
| 2013 | Државата и натаму е добро напредната, а постигна и натамошен напредок кон функционална пазарна економија |
| 2014 | Република Македонија и натаму е добро напредната, а цо некои области, постигна и натамошен напредок во воспоставување функционална пазарна економија. |
| 2015 | Македонија е добро подготвена  во развивањето на функционална пазарна економија. Севкупно, немаше напредок . |
| 2016 | Македонија е добро подготвена во развивањето на функционална пазарна економија. Сепак, за време на периодот на известување не е направен напредок. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година



| | |
|---|---|
| 2011 | Одржан е широк консензус за основните економски политики. |
| 2012 | Одржан е широк консензус за основните економски политики. |
| 2013 | Одржан е широк консензус за основните економски политики. |
| 2014 | Одржан е политичкиот консензус за основите на пазарната економија, но економската политика и управувањето со јавната потрошувачка повеќе се водени од ад хок мотиви наместо од долгорочните потреби на економијата. |
| 2015 | Владата остана посветена кон остварување економски реформи на пазарот, привлекување  странски инвестиции и развивање на приватниот сектор. Владата направи мал напредок  во структурните реформи на пазарот на труд и има уназадување на фискалната дисциплина. |
| 2016 | Владата останува посветена кон промовирање на растот и вработувања кои се засноваат на пазарни економски политики. Насоките на  Програмата за економски реформи од 12 мај 2015 година кои се однесуваат на макро-фискалните прашања не се земени предвид, додека насоките  за политиките на пазарот на труд и структурните реформи се само делумно земени предвид. |

# Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

*Макроекономска стабилност*

| | |
|---|---|
| 2011 | Надворешните сметки регистрираа значително зголемување на дефицитот на тековната сметка, иако ова беше повеќе поместување од повисоките приливи на капитал, особено СДИ, исто така и од заемите од ММФ и останатите финансиски институции. |
| 2012 | Економската активност е намалена од есента 2011 година, иако приватната потрошувачка и инвестициите беа прилично еластични во поглед на значително послабата меѓународна околина. |
| 2013 | Обновениот раст на економијата останува тесно врзан со инвестициите, со постепено јакнење на надворешниот сектор, како и маргинална поддршка од приватната потрошувачка. |
| 2014 | Растот на производството треба да биде пошироко заснован, а надворешниот дефицит е можно повторно да се зголеми привремено поради инвестицискиот увоз. |
| 2015 | Макроекономската средина дополнително беше зајакната, но клучните слабости останувaат главен извор на загриженост.<br><br>Стабилноста на надворешниот сектор  значително се потпираше на задолжувања во странство. |
| 2016 | Економската експанзија, забрзана во 2015, се забави во 2016 година во услови на политичка криза.<br>Краткорочните надворешни изложености беа контролирани.<br>Позајмувањата на јавниот сектор од странство влијаат на надворешниот долг.<br>Централната банка успешно ја бранеше ценовната и стабилноста на валутниот курс.<br>Владата не посочи конкретни мерки во поддршка на фискалната консолидација. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

*Фискална дисциплина*

| | |
|---|---|
| 2011 | Фискалната политика е ориентирана кон постигнување на фискалните цели, и покрај пониско од очекуваното собирање на приходи. Профилот на потрошувачка го задржа фокусот на трансферите, иако има намалување на тековното трошење на стоки и трансфери. Капиталните трошоци се зголемени, но растот и ефектот за стимулирање на вработувањето е намален од високата увозна содржина на трошењето. |
| 2012 | Фискалната политика и натаму беше насочена кон постигнување на таргетираниот дефицит, иако поради послабите приходи од планираното фискалниот таргет мораше да се подигне есента 2012 година. Буџетското планирање и извршување се влошени, а квалитетот на јавната потрошувпачка и натаму е низок. |
| 2013 | Фискалното управување и фискалната дисциплина се влошени и би било корисно спроведување на среднорочна стратегија. |
| 2014 | Фискалната дисциплина треба да се подобри, а постои значителен простор за подобрување на фискалната транспарентност. Владините планови за фискална консолидација треба да бидат поткрепени со конкретни мерки. |
| 2015 | Фискалната дисциплина (-1) повторно уназадуваше во 2014 и 2015, укажувајќи на потребата да се подобри среднорочното планирање на расходи. |
| 2016 | Нивото на јавен долг забрзано растеше. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година



| Година | |
|---|---|
| 2011 | Постигнат е натамошен напредок во намалување на пречките за влез и излез на пазарот. |
| 2012 | Постигнат е натамошен напредок во намалување на пречките за влез и излез на пазарот.Направен е понатамошен напредок за олеснување на влез и излез на пазарот. |
| 2013 | Додека регистрацијата и работењето на деловниот сектор се дополнително олеснети, слабостите при стечај и процедурите за ликвидација и натаму остануваат значајна препрека за инвестиции и пристап до финансии. |
| 2014 | Додека започнувањето на бизнис станува малку полесно, остануваат потешкотиите во добивањето на дозволите. Излезот од пазарот останува долг, иако Владата има преземено реформски чекори во вистинска насока. |
| 2015 | Основањето на бизнис стана малку полесно, но излезот од пазарот остана тежок и комплициран.<br><br>Применувањето на мерките од проектот "регуларотната гилотина" дополнително напредуваа во однос на олеснување на регистрација на бизниси. Напредокот е поограничен во поедноставувањето на излезот од пазарот. Јавниот долг значително се зголемил во изминатите години, а амандманите во законот за јавен долг предизвикуваат загриженост за транспарентноста.<br>Цените се' уште стабилни; монетарната политика успешно го оддржува фиксниот девизен курс. |
| 2016 | Развојот на деловниот сектор страда од слаба и нееднаква примена на законите. |

| | |
|---|---|
| 2011 | Функционирањето на правниот систем е подобрено, со што би требало да има позитивно влијание врз бизнис и инвестициската клима. Сепак, слабостите во владеењето на правото особено во судскиот систем, кој се карактеризира со бавни процедури, недоволно ресурси и несигурно спроведување на договорите, распростанетоста на корупцијата, продолжуваат да влијаат на бизнис климата. |
| 2012 | Функционирањето на правниот систем продолжува постепено да се подобрува. Сепак, слабостите поврзани со долгите процедури, корупцијата и тешкото спроведување на договорите продолжуваат да и наштетуваат на бизнис климата. |
| 2013 | Правниот систем за функционална пазарна економија во голема мера е воспоставен, но остануват слабостите поврзани со долгите процедури, спроведување на договорите и корупцијата. |
| 2014 | Правниот систем за функционална пазарна економија во голема мера е воспоставен, но во практиката расте неефикасноста преку долгите процедури кои го попречуваат спроведувањето на законите. Честите промени на законите создаваат правна несигурност. |
| 2015 | Честите законски промени, нееднаквото применување на законите и отежнатото спроведување на договорите ги оптоваруваше бизнис активностите.<br><br>Соработката помеѓу владата и бизнис секторот опадна во изминатите години.<br>Јавниот долг значително се зголемил во изминатите години, а амандманите во законот за јавен долг предизвикуваат загриженост за транспарентноста.<br>Цените се сеуште стабилни; монетарната политика успешно го одржува фиксниот девизен курс. |
| 2016 | Институционалните капацитети за спороведување на законите се слаби.Неформалниот удел на економијата е голем и влијае на конкурентноста на формалниот сектор. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

*Влијание на државата на пазарот на производи*

| | |
|---|---|
| 2011 | Како резултат на кризата, зголемена е улогата на државата, додека државното сопственишство главно е концентрирано на телекомуникации, електрична енергија и јавни услуги. |
| 2012 | Улогата на државата генерално останува непроменета и ограничена. |
| 2013 | Економијата е главно управувана од страна на приватниот сектор со ограничена улога на државата, иако уделот на јавната сопственост незначително се зголемил. |
| 2014 | Уделот на државата во економијата и поставувањето на цените останува умерен. |
| 2015 | Уделот на јавниот сектор во економијата остана во голема мера непроменет. |
| 2016 | Уделот на јавниот сектор во економијата и натаму е под контрола, иако дискреционата политика на извршување на Владата создава грижи. Цените на енергијата во голема мера ги определува Регулаторната комисија за енергетика. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

*Влијание на државата на конкурентноста*

| | |
|---|---|
| 2011 | Државното влијание вррз конкуренцијата останува ограничено. |
| 2012 | Државното влијание врз конкуренцијата останува ограничено. |
| 2013 | Иако законите за државна помош се зајакнати, постои недостаток на транспарентност во врска со деталите за имплементација и износите, поради недостатоците во известувањето. |
| 2014 | Наспроти нискиот удел на државата во економијата, подобреното законодавство за државна помош и натамошната дерегулација на пазарот на електрична енергија, влијанието на државата врз конкуренцијата преку имплементација на други инструменти на политиката, се чини дека се зголемува. |
| 2015 | Иако уделот на владата во економијата остана умерен, влијанието врз конкуренцјтата во приватниот сектор расте преку регулативите и субвенциите. |
| 2016 | |

| | |
|---|---|
| 2011 | |
| 2012 | |
| 2013 | |
| 2014 | |
| 2015 | |
| 2016 | Процесот на приватизација е во напредна фаза. Во 2015 година немаше приватизирања и бројот на претпријатија кои се делумно или во целосна сопственост на државата остана непроменети во однос на претходната година. |

| | |
|---|---|
| 2011 | Продолжува трендот на натамошно продлабочување и проширување на финансискиот сектор. Сепак, нивото на финанскиско посредување и конкуренција е ниско, ограничувајќи го подинамичниот раст во приватниот сектор, особено за малите и средни претпријатија. Дополнително, некои регулаторни и надзорни агенции имаат ограничени средства. |
| 2012 | Продолжува трендот на натамошно продлабочување и проширување на финансискиот сектор. Сепак, нивото на финанскиско посредување и конкуренција е ниско, ограничувајќи го подинамичниот раст во приватниот сектор, особено за малите и средни претпријатија. Дополнително, некои регулаторни и надзорни агенции имаат ограничени средства. |
| 2013 | Финасискиот сектор останува добро капитализиран и ликвиден. Меѓутоа кредитниот раст е бавен и нефункционалните кредити претставуваат зголемен предизвик. |
| 2014 | Финансискиот систем останува стабилен, додека надзорните капацитети се зајакнати. Сепак пристапот до финансии останува тежок и небанкарските сегменти на пазарот треба и понатаму да се развиваат со цел да се прошират можностите за финансирање на приватниот сектор. Треба да продолжат да се преземаат мерки преку кои ќе се подобри каналот за банкарски заеми, вклучително и расчистување на нефункционалните кредитни портфолија. |
| 2015 | Банкарскиот сектор остана стабилен и покрај високите нивоа на нефункционални кредити. |
| 2016 | Банкарскиот сектор покажува отпорност во однос на кредитниот ризик. Во финансискиот сектор сѐ уште доминираат банките чиј удел во средствата  на секторот е  околу 90%. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

| | |
|---|---|
| 2011 | Ситуацијата на пазарот на труд се подобрува, но невработеноста е на високо ниво, особено кај младите и необразованите. |
| 2012 | Состојбата со пазарот на труд останува слаба. Невработеноста е висока особено кај младите и необразованите. |
| 2013 | И покрај некои поединечни подобрувања на бројките во официјалниот пазар на труд, политиката на пазарот на труд имаше ограничен успех во решавањето на големата невработеност. Структурните предизвици на пазарот на трудот треба да се решат. |
| 2014 | Реформите за справување со структурните ригидности на пазарот на труд постигнаа само ограничен напредок. Вработувањето на работниците треба да се подобри преку структурни мерки, како и преку подобро таргетирање на активните мерки на пазарот на трудот. |
| 2015 | Условите на пазарот на труд сѐ уште се оптоварени од структурни пречки. |
| 2016 | Структурните слабости го попречуваат функционирањето на пазарот на труд. Учеството на работната сила и натаму е скромно. Неформалната економија зазема голем, иако во надолна линија, удел во вработувањето. |
| | Кредитниот раст на компаниите забавува во услови на политичка нестабилност. |

| Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година | *Издржување на притисоците на конкуренцијата во ЕУ* |
|---|---|
| 2011 | |
| 2012 | |
| 2013 | Државата би требало среднорочно да е способна да се носи со притисоците на конкуренцијата и пазарните сили во Унијата, доколку енергично ги спроведува реформските програми за да ги намали значителните структурни слабости. |
| 2014 | За да се справи со силите на конкуренцијата и пазарните сили на Унијата на среден рок, земјата треба да ги разреши важните предизвици преку решително спроведување структурни реформи. |
| 2015 | Економијата е умерено подготвена да се справи со притисоците на конкуренцијата и пазарни сили во Унијата. Беше постигнат одреден напредок во справување со недостатоците во однос на човечкиот капитал и физичката инфраструктура.<br>Јавната инфраструктура има потреба од модернизација. |
| 2016 | Постои умерено ниво на подготвеност на економијата да се справува со конкурентниот притисок и пазарните сили внатре во Унијата. Направен е мал напредок за поттикнување на иновациите и странските инвестиции, додека дигитализацијата напредува брзо. |

| | |
|---|---|
| 2011 | |
| 2012 | |
| 2013 | |
| 2014 | |
| 2015 | |
| 2016 | Потребни се реформи на високото образование за да се разреши проблемот на несоодветна понуда на вештини. Стапките на иновативност на приватниот сектор се ниски. |

## *Физички капитал и квалитет на инфраструктурата*

| | |
|---|---|
| 2011 | Капиталот на земјата е низок. Инфраструктурата е подобрена, но потребни се поправки и модернизација. |
| 2012 | Продолжуват мерките за подобрување на квалификациските нивоа. Сепак, ниското ниво на образование бара понатамошни напори, со целподобрување на алокацијата на човечки и физички капитал во земјата |
| 2013 | Напредокот во решавањето на реформските потреби во образовниот систем беше постепен. Капиталот е и натаму скромен, додека јавната потрошувачка не беше доволно концентрирана на активности кои поттикнуваат раст. |
| 2014 | Владата има постигнато одреден напредок во решавањето на главните недостатоци во алокацијата на човечкиот и физичкиот капитал во земјата, но предизвиците за инвестициите кои се потребни за забрзување на растот на трудовата продуктивност и структуралната трнсформација на економијата остануваат големи. Владата треба да продолжи да го подобрува составот на трошење преку приоритетни инвестициски проекти согласно со нивниот потенцијал за продуктивност врз основа на проценка на трошоците. |
| 2015 | Уделот на високо квалификуваните работници во економијата се зголемува, но структурните фактори го ограничуваат зголемувањето на продуктивноста на трудот. |
| 2016 | Економскиот капитал треба да се модернизира. Регионалната поврзаност во транспортот и енергијата е ограничена. Напредната е дигитализацијата во економијата. |

## Прилог 3: Преглед на заклучоци и оценки во економските критериуми 2011-2016 година

### *Секторска и структура на претпријатијата*

| | |
|---|---|
| 2011 | Структурните промени кон разнообразност и активностите со поголема додадена вредност остануваат ограничени. Конкуренцијата во мрежните индустрии останува ограничена со доминантните постојани добавувачи. Средните и мали претпријатија сѐ уште се соочуваат со потешкотии во пристапување кон капиталот и пазарот и покрај зголемената соработка. |
| 2012 | Структурните промени кон разнообразност и активностите со поголема додадена вредност остануваат ограничени. Конкуренцијата во мрежните индустрии останува ограничена со доминантните постојани добавувачи. Средните и мали претпријатија сѐ уште се соочуваат со потешкотии во пристапување кон капиталот и пазарот и покрај зголемената соработка. |
| 2013 | Структурата на претпријатијата останува непроменета, со што понатамошниот развој на малите и средни претпријатија е попречен од потешкотиите за пристап до финансии .Постигнат е ограничен напредок во решавање на проблемот со неформалниот сектор. Видлива е постепена диверзификација на економското производство во поглед на додадена вредност и извоз. |
| 2014 | Секторската и структурата на претпријатијата во економијата остануваат во стагнација и се фокусирани на ниско продуктивни активности. Неодамнешното зголемување на бројот на големи компании покажува дека уделот на понапредни производствени активности може да се зајакне наредниве години, но вистинска секторска трансформација останува недостижна. |
| 2015 | Секторската структура на економијата во голема мера останува во стагнација. |
| 2016 | Структурната трансформација на економијата бавно напредува. |

| | |
|---|---|
| 2011 | Трговската интеграција со ЕУ е напредната, но извозот останува концентриран на неколку ценовно-сензитивни производи. Меѓународната ценовна конкуренција главно останува непроменета. |
| 2012 | Трговската размена со ЕУ е добро напредната. Стоковната композиција на извозот е подобрена, иако  доминираат традиционалните продукти, како што се текстилот, облеките и челикот. Меѓународната ценовна конкурентност останува непроменета. |
| 2013 | Трговската интеграција со ЕУ е прилично напредната. Извозната структура продолжува да се подобрува, иако традиционалните преработувачки производи с  уште доминираат. Меѓународната ценовна конкурентност во голема мера останува непроменета. |
| 2014 | Трговските врски со ЕУ се зголемени во 2013 гоина, и на страна на извозот и на страна на увозот, а ЕУ останува со најголем удел во директните странски инвестиции. |
| 2015 | Остварен е дополнителен напредок  во развивањето на поблиски инвестициски врски со ЕУ. Јавната инфраструктура има потреба од модернизација. |
| 2016 | Подобрената надворешна конкурентност се потпира на натамошна диверзификација на извозот. |

## Прилог 4: Преглед на заклучоци и оценки во исполнувањето на обврските од членството 2011-2016

| Поглавје | Напредок | | | | | | Ниво на усогласеност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| 1. Слободно движење на стоки | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 2. Слобода на движење за работниците | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 3. Право на основање и слобода на обезбедување услуги | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4. Слободно движење на капиталот | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 5. Јавни набавки | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 6. Право на трговски друштва | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 7. Право на интелектуална сопственост | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 8. Политика на конкуренција | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 9. Финансиски услуги | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 10. Информатичко општество и медиуми | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 |
| 11. Земјоделство и рурален развој | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 12. Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 13. Рибарство | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 |
| 14. Сообраќајна политика | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 15. Енергија | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 16. Оданочување | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 17. Економска и монетарна политика | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 18. Статистика | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 4 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 19. Социјална политика и вработување | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 |
| 20. Претпријатија и индустриска политика | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 21. Трансевропски мрежи | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 22. Регионална политика и координација на структурните инструменти | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| 23. Правосудство и фундаментални права | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 3 | 4 | 2 | 2 |
| 24. Правда, слобода и безбедност | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 25. Наука и истражување | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 |
| 26. Образование и култура | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 27. Животна средина | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 |
| 28. Заштита на потрошувачите и здравствена заштита | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 29. Царинска унија | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 30. Надворешни односи | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 31. Надворешна, безбедносна и одбранбена политика | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 3 |
| 32. Финансиска контрола | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 |
| 33. Финансиски и буџетски одредби | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |

*Напомена: Институтот користи сопствена методологија, при што во прикажувањето на вкупната оценка, вредноста на одделни поглавја е пондерирана, со оглед на нивниот обем и тежина.*

## Објаснување за квантификација на оценките за напредокот и усогласеноста

### Оценки користени за извештаите до 2014 година:

**Напредок**

| *Оценка* | Нумеричка вредност |
|---|---|
| Регрес | (-5)-(-1) |
| Нема напредок; нема натамошен напредок | 0 |
| Нема суштествен напредок; нема особен напредок; незадоволителен напредок; бавен напредок; почетен напредок, ограничен напредок | 1 |
| Мал напредок; скромен напредок, определен напредок | 2 |
| Напредок; натамошен напредок | 3 |
| Добар напредок; видлив наредок; одржлив напредок; задоволителен напредок | 4 |
| Значителен напредок; важен напредок; суштествен напредок | 5 |

**Ниво на усогласеност:**

| *Оценка* | Нумеричка вредност |
|---|---|
| | |
| Не е започнато | 0 |
| Рана фаза; многу рана фаза; почетна фаза | 1 |
| Не е многу напреднато; напредува: полека напредува | 2 |
| Умерено напреднато | 3 |
| Напреднато, во напредната фаза | 4 |
| Добро напреднато | 5 |

**Оценки за 2015 и 2016 година година согласно методологијата на Европската комисија**

| *Оценка - напредок* | Нумеричка вредност |
|---|---|
| Уназадување | (-5)-(-1) |
| **Нема напредок** | 0 |
| Определен напредок | 1 |
| Добар напредок | 2 |
| Значителен напредок | 3 |

| *Оценка за подготовка* | Нумеричка вредност |
|---|---|
| | |
| Не е започнато | 0 |
| Рана фаза на подготовка | 1 |
| **Определено ниво на подготовка** | 2 |
| **Умерено ниво на подготовка** | 3 |
| Добро ниво на подготовка | 4 |
| Високо ниво на подготовка | 5 |